РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-856/2
23-02-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 28- та седница, одржана на 17.02.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1309/1 од 11.04.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконски поднесена оставка на лицето ------- ------------ од функцијата ВД директор на КЈП Водовод -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што не се потврдуваат пријавените наводи.

Предметот со број 12-1309/1 од 11.04.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 11.04.2025 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконски поднесена оставка на лицето ------- ------------- од функцијата ВД директор на КЈП Водовод -----------, и оформен е предмет број 12-1309/1 од 11.04.2025 година.
Во пријавата е наведено дека лицето ---------- ---------- го прекинал работниот однос и функцијата директор во КЈП Водовод ---------- спротивно на Законот за јавните претпријатија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК побара од општина Кочани да достави информација за работниот однос на посоченото лице и неговото разрешување од функцијата директор во КЈП Водовод ----------, со достава на прилог соодветна документација.
Од општина ---------- добиен е одговор каде е наведено дека со Решение бр.04-20/1 од 08.01.2025 година лицето ---------- ---------- било именувано за ВД директор на КЈП Водовод --------- сметано од 09.01.2025 година се до именувањето на директор по распишан конкурс но, не подолго од 6 месеци.

На 23.01.2025 година, бил склучен Договор бр.08-114/3 за уредување на односите со јавното претпријатие во кој поединечно биле утврдени правата, одговорностите и овластувањата на вршителот на должноста директор на КЈП Водовод Кочани помеѓу ВД Директорот --------- --------- и градоначалникот на општина ----------. Работниот однос на наведеното лице му престанал на 09.04.2025 година по однос на поднесено барање бр.03-99/16 за неотповиклива оставка од функцијата ВД директор на КЈП ----------.

При проверка на законските одредби кои се однесуваат на предметната постапка, ДКСК го констатира следново:

*Согласно член 24 од Законот за јавни претпријатија за да биде еден кандидат разрешен од функцијата ВД Директор треба да ги исполнува следните услови: Директорот на јавното претпријатие и заменик на директор на јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:*

*- на негово барање, - ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон, - ако не работи и постапува според закон, статут и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на управниот одбор или постапува во спротивност со нив, - ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на јавното претпријатие,- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на јавното претпријатие, - ако не достави извештај согласно со членот 23-а став 1 од овој закон, - ако и по истекот на рокот определен во членот 23-а став 3 од овој закон не ги отстрани недостатоците или и во тој рок повторно има недостатоци и/или загуби во финансиското работење и - ако и по истекот на рокот определен во членот 5 став 3 и членот 7-а став 1 од овој закон не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.*

*Управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје, во случаите од ставот 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот и заменик на директор. До изборот на нов директор, управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје во рок од пет дена од донесувањето на одлуката од ставот 2 на овој член, именува вршител на должноста директор на јавното претпријатие, но не подолго од шест месеци. Во јавното претпријатие основано од Владата на Република Македонија кое има заменик на директор на кој не му е истечен мандатот, до именување на директор по распишан конкурс но, не подолго од шест месеци ја врши должноста директор.*

Лицето --------- ----------- доставил известување за неотповиклива оставка од вршење на функцијата ВД Директор заверено со архивски број 03-99/16 од 09.04.2025 година, по кое Општина ---------- во моментот на поднесеното барање не можела да постапи поради тоа што мандатот на градоначалникот на општината престанал на 01.04.2025 година. По именувањето

на лицето --------- ------------- за ВД Градоначалник на Општината, било постапено по предметното барање и согласно член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа а во врска со членот 24 -а став 1 алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија, било донесено решение на 24.04.2025 година со кое Кирил Ковачев се разрешува од функцијата ВД директор на КЈП „Водовод“ --------------.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека наводите за сомневање за незаконски поднесена оставка на лицето ----------- --------- од функцијата ВД директор на КЈП Водовод ------------, не се потврдуваат, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на Одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- Подносителот на пријавата